**REPUBLIKA СЕВЕРНА MAKEDONIJA**
**OP[TINSKO OSNOVNO U^ILI[TE**
**"KO^O RACIN"**
**KUMANOVO**
**Br.___________**
**_____________ 2022 god.**

До
Лидија Пешевска
Директор на ООУ „Кочо Рацин“ Куманово

Врз основа на член 129 и 130 од Законот за основното образование (Сл. Весник на Р.С. Македонија бр.161/19), Комисијата за спроведување на самоевалуација изготви

**И З В Е Ш Т А Ј**

за извршена самоевалуација на ООУ „Кочо Рацин“ Куманово
(2020 - 2022 година)

Во согласност со Законот, Училишниот одбор, а по предлог на директорот на ООУ „Кочо Рацин“ Куманово, Лидија Пешевска, на својата седница одржана на 12.07.2021 год. донесе Одлука за спроведување на самоевалуација на работата на Училиштето и формира Комисија во состав:

Од редот на наставниците

1. Николина Милевска, одделенски наставник
2. Емилија Златановска, одделенски наставник
3. Ана Петрушевска, одделенски наставник
4. Габриела Арсовска, предметен наставник
5. Афродита С. Крстевска, предметен наставник
6. Јосип Анастасовски, предметен наставник
7. Жаклина Пешевска, предметен наставник

Координатори на тимовите за самоевалуација

1. Лидија Пешевска, директор
2. Кети Берјановиќ Доцевска, психолог
3. Владица Наковска, психолог
4. Сашка Стаменковска, педагог
5. Росица Трајковска, специјален едукатор и рехабилитатор

Од редот на родителите

1. Бранко Зафировски, претседател на Советот на родителите

Напомена: Поради развиеноста на Училиштето, со 6 (шест) подрачни училишта во состав, голем број ученици и наставници, Комисијата наместо 5 (пет) члена од редот на наставниците, брои 7 (седум) члена.

Основа за вршење на самоевалуацијата беа Индикатори за квалитетот на работата на училиштата пропишани од МОН и изготвени од ДПИ и Правилник за начин и области за вршење на самоевалуација на основните училишта.

Врз основа на Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата утврдени се јаките и слабите страни во работата на Училиштето и утврдени се дополнителни дејствија од сите седум подрачја.

Утврдени дополнителни дејствија по подрачја

1. **Наставни планови и програми**:

- Сите наставници, на почеток на учебна година, своите наставни програми да ги споделат на Web страна на Училиштето
- Потреба од соодветна едукација на наставниот кадар за работа со талентирани и надарени деца, и ученици со ПОП

2. **Постигнувања на учениците:**

- Да се обезбедат потребните психодијагностички инструменти за идентификација и работа со талентираните и надарените ученици.

3. **Учење и настава**

- Организирање обуки на наставници за работа во комбинирани паралелки

- Опремување на училници, особено во подрачни училишта, со нагледни средстава за реализација на наставата според новата Концепција

4. **Поддршка на учениците**:

- Замена на дотраени прозорци во ходници и училници и дел од подови
- Постојано обновување на училишен инвентар (столчиња, клупи)

5. **Училишна клима**:

- Обезбедување пратнер - училиште за реализирање на активности од меѓуетничка интеграција

- Обезбедување услови за интензивирање на заеднички активности со подрачни училишта

6. **Ресурси:**

- Приклучување на ПУ с. Доброшане на канализациона мрежа
- Реконструкција на училишната зграда во ПУ с. Градиште
- Замена на водоводни цевки и азбестен кров на училишната спортска сала во централното училиште

7. **Управување, раководење и креирање политка**

- Модернизација на наставата и воспитно- образовниот процес со набавка на современи нагледни средства и помагала
- Обезбедување обуки според детектирани потреби на вработените
- Преземање инфраструктурни зафати за подобрување на безбедноста и здравје на учениците и вработените преку:
  -реновирање на зграда на ПУ с. Орашац
  -реконструкција на зграда во ПУ с. Градиште
  -поврзување на училишната зграда во ПУ с. Доброшане со канализациона мрежа
  -тековно одржување и санирање на училишни згради во подрачни училишта
- Вклучување на училиштето во проекти кои би обезбедиле материјална поддршка за реализирање на поставените цели

Овој извештај е доставен до Училишниот одбор, Директорот на училиштето, основачот и ДИЦ.

За Комисијата

______________________________

Кети Берјановиќ-Доцевска